Врз основа на член 36 став 4 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.9.2017 година, донесе

# УПАТСТВО
## за забрана за користење на движни и недвижни ствари во државна сопственост за време на изборен процес

### Член 1

Со ова упатство се утврдуваат насоките за начинот на постапување на министерствата, другите органи на државна управа и управни организации (во натамошниот текст: државните органи), во врска со користењето на движните и недвижните ствари во државна сопственост кои се наменети за вршење на работите од нивна надлежност утврдена со закон за време на спроведување на парламентарни, претседателски и локални избори од денот на нивното распишување па се до нивното завршување согласно закон (во натамошниот текст: изборниот процес).

### Член 2

Недвижни ствари, во смисла на ова упатство, се: згради, канцелариски и други простории и други објекти што се користат од страна на државните органи за извршување на работите од нивна надлежност утврдена со закон во земјата и странство.

Движни ствари, во смисла на ова упатство, се: службени возила, информатичка опрема, службени фиксни и мобилни телефони и телефакс, интернет врски, канцелариска опрема и потрошен канцелариски материјал и средства од репрезентација.

### Член 3

За време на изборниот процес за потребите на изборната кампања во канцелариите во државните органи не може да се одржуваат состаноци и средби во функција на спроведување на изборната кампања и не може во истите да се вршат никакви директни или индиректни активности што се во врска со изборниот процес.

### Член 4

За потребите на изборната кампања во изборниот процес, работните простории кои се наоѓаат во објекти на државните органи не можат да се користат за преземање на било какви активности во врска со изборниот процес.

По исклучок од став 1 на овој член, а само во случај ако во местото не постојат никакви други соодветни простории за потребите на изборната кампања, просториите од ставот 1 на овој член ќе можат да се користат за потребите на изборната кампања, но само по претходно добиена дозвола од одговорното раководно лице на органот, но под еднакви услови за сите учесници во изборната кампања.